**Член 74- ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

За правилно изведување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, се одговорни инвеститорите и изведувачите.

Инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, мораат редовно да се одржуваат во исправна состојба согласно со техничките прописи и правилата на техничката практика.

Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да се грижи за одржување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член.

Ако не може да се утврди сопственикот на објектот од ставот 4 на овој член, обврските ги презема корисникот.

Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и служби за заштита и спасување од пожари на луѓето, материјалните добра и културните наследства мораат да ги одржуваат во исправна состојба и да ги чистат оџаците, димноводните уреди, системите за воздух, системи за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење во објекти како и во индустриски и занаетчиски постројки.

Оддржувањето во исправна состојба на оџаците, димноводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење во објекти, како и во ундустриски и занаетчиски постројки ќе се уреди со посебен правилник кој го донесува директорот на Дирекцијата.

**ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ за непостапување по чл.74 од Закон за заштита и спасување**

- Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице;
- Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице;
- Глобата во износ од „30%“ од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице;
- Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во странското правно лице.

**ПРАВИЛНИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ ВО ИСПРАВНА СОСТОЈБА НА ОЏАЦИТЕ, ДИМОВОДНИТЕ УРЕДИ, СИСТЕМИТЕ ЗА ВОЗДУХ, СИСТЕМИТЕЗА ВОЗДУШНОИ ВОДЕНО ГРЕЕЊЕ, ОГНИШТАТА-КОТЛИ ЗА ПАРНО ГРЕЕЊЕ ВО ОБЈЕКТИ, КАКО И ВО ИНДУСТРИСКИ И ЗАНАЕТЧИСКИ ПОСТРОЈКИ**

**Одржувањето на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење од овој правилник се врши преку:**

- преглед на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата - котли за парно греење;

- чистење на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење;

- запалување на саѓите во оџаците и во димоводните уреди;

- превземање превентивни мерки за обезбедување на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење од пожар и нивно оспособување за нормално функционирање.

**Пред пуштање во употреба** оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење треба да имаат потврда (атест) за исправност. Прегледот се врши од страна на Дирекцијата за заштита и спасување.

Прегледот на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење се врши постојано, според укажаната потреба и по повик од корисникот на услугата. Прегледот може да се врши и по барање од инвеститорот-изведувачот на објектот, а се однесува на преглед пред сѐ, на ѕидани оџаци и вентилации и нивни приклучоци, како и на други димоводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водено греење и огништа-котли за парно греење, доколку објектот располага со нив.

За извршениот преглед инспекторите за заштита и спасување составуваат записник за секоја извршена работа според извршените позиции на работа, во кој се наведуваат евентуалните забелешки (недостатоци) кои треба да се отстранат и тоа за секој објект посебно.

**Чистењето на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење, се врши со следната динамика: ,**

- еднаш месечно во сезоната за греење и еднаш вон сезоната за греење за органите на државна управа, единиците на локална самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите за заштита и спасување од пожари на луѓето;

- двапати во периодот во сезоната за греење и еднаш вон сезоната за греење за домакинства;

- еднаш годишно за вентилационите канали и отвори;

- еднаш годишно за резервни оџаци со приклучоци во зградите што користат парно, воздушно и водено централно греење;

- еднаш месечно во сезоната за греење и еднаш вон сезоната за греење за оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење и

- еднаш месечно во текот на целата година за стружење и отстранување на технолошки наслаги во димоводни уреди над отворените ложишта за печење на месо и месни преработки на жар.

Ако при контролата на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење се утврди дека истите се неисправни, чистењето може де се изврши и надвор од погоре наведената динамика.

**Во случаи кога чистењето се врши по пат на запалување** тоа се врши со погоре наведената динамика. При вршење на спалувањето се превземаат неопходни мерки за заштита од пожар и се обезбедуваат соодветни апарати и уреди за гасење на пожар.

Системите за воздушно и водено греење, огништата -котли за парно греење во објекти и огништата (ложишта) во индустриски и занаетчиски постројки, односно котларници на различен погон, се чистат со посебно внимание и стручност.

При прегледот на котелот се елиминираат сите опасности кои би можеле да предизвикаат пожар или експлозија.

При влезот во котелот се запираат сите доводни горива кон горилникот како земен гас, пропан-бутан, мазут и други нафтени деривати, По завршувањето на чистењето на котелот се пристапува кон преглед и на неговата внатрешност со помош на сигурносни светилки или сијалици со заштитна мрежа (до 24 V).